,,Мојата идна професија’’

Професијата е извор на постоењето.Секоја личност по завршување на образованието треба да избере професија.Сите ние уште како мали сонуваме и мечтаеме за тоа што сакаме да бидеме кога ќе пораснеме.Каков и да е нашиот сон ние треба да се стремиме кон остварување на истиот.

Честопати ме прашуваа: што сакам да бидам кога ќе пораснам?Како поминуваа годините кај мене се будеше желбата да станам војник.Од секогаш сум сакала да има ред, мир и правда во државата, но доколку некогаш избие војна или слично јас сакам да и служам и да ја бранам нашата татковина.За мене армијата претсавува ред и дисциплина на која секогаш се воодушевувам.Исто така армијата е доказ за рамноптавноста меѓу мажите и жените.Многу често во нашето општество има предрасуди за тоа дали жената може да ја работи таа професија, за што јас сметам дека тоа е сосема во ред .Служењето војска за мене претставува огромна одговорност, да помогнеш на својот народ и држава кога најмногу е потребно е великодушна и пожртвувана работа.Дежурствата, итните повици, униформата која ќе ја носам се дел од работите кои уште повеќе ме тераат да ја сакам оваа професија.Ниедна професија не е тешка доколку имаме љубов кон неа и таа не исполнува.

Тоа е мојата желба.Можеби ќе ми се исполни, а можеби и не, јас се надевам дека ќе се исполни.Најважно од се е колку и да е тешко да не се откажуваме од она што навистина го сакаме, бидејќи страста и визијата се далеку помоќни од физичкиот замор и стравот од неуспех.Целете кон она што го сакате и никогаш не се откажувајте.

Викторија Велковска IXа одделение

ОУ ,,Марко Цепенков’’